# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО

С О Д Р Ж И Н А

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 25.03.2025<br>БРОЈ 58 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Берово за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани....................................

О Д Л У К А за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Берово за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Берово
за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани

Се објавува О Д Л У К А за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Берово за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани, Бр.09-1179/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 25.03.2025 година.

Бр.08-1180/1 ОПШТИНА БЕРОВО
25.03.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), Советот на Општина Берово на 60-тата седница одржана на 25.03.2025 година како **вонредна седница**, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Берово**
**за семејствата на настраданите во пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани**

**Член 1**

Советот на Општина Берово доделува парична помош во износ од 300.000 денари за семејствата на настраданите од пожарот во клубот „Пулс“ во Кочани.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово за 2025 година ставка 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи), Програма А0 - Совет на Општина и ќе бидат исплатени на :

- **ИМЕ:** ФОНД НА СОЛИДАРНОСТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА;
- **СМЕТКА:** 300000001327966
- **ДАНОЧЕН БРОЈ:**4030984271620
- **БАНКА:** АД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА

**Член 3**

Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Берово да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

**Број 09-1179/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**25.03.2025 година Претседател**
**Берово Петар Ружински с.р.**

*******************

ОПШТИНА БЕРОВО